*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО**

**Број 26-/**
**јуни 2025 година**
**Скопје**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за здравство на Собранието на Република Северна Македонија, на **5-та седница** одржана на 20, 21, 22, 23 и 26 мај 2025 година, како матично работно тело на Надзорна расправа расправаше на тема:

**„Ефектите од аерозагадувањето во Скопје и во другите градови врз здравјето на луѓето и мерките што се преземаат за заштита на јавното здравје"**

Претседателката на Комисијата Рашела Мизрахи отворајќи ја Надзорната расправа нагласи дека Според Законот за Собранието на Република Северна Македонија и Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Надзорната расправа предвидува сослушување на овластените претставници и сведоци надлежни за темата на расправата. Воедно, укажа дека на Надзорната расправа во времетраење од 5 дена беа повикани вкупно 48 сведоци, доставени се илјадници страни на материјал на увид за пратениците, истакнувајќи дека во домот на граѓаните, пратениците како претставници на граѓаните, невладиниот сектор, експертската фела, институциите, раководните лица во институциите, сите заедно ќе придонесат кон донесување на конкретни заклучоци со што конечно ќе биде започната битката против аерозагадувањето. Таа ги потенцираше постигнатите согласности околу текот на расправата на која се предвидува сослушување на овластени претставници за темата на дискусија, со тајминг којшто е предвиден за обраќање на сведокот во траење од 5 минути, а во следниот период е времето за поставување прашања за овластените претставници и нивниот одговор.

Во Надзорната расправа на тема **„Ефектите од аерозагадувањето во Скопје и во другите градови врз здравјето на луѓето и мерките што се преземаат за заштита на јавното здравје"** во својство на сведоци учествуваа: Бојана Станојевска – Печуровска, Центар за климатски промени, Ели Пешева, О2 Иницијатива, проф. д-р Дејан Мираковски, Александра Димова – Манчевска, УНДП проект за аерозагадување 5 градови, проф. д-р Ристо Филкоски, Александар Дединец од МАНУ, Нгдахњи Мемети, НВО Еко Гуерила, проф. д-р Даме Димитровски, Михаил Димовски, експерт,

проф. д-р Бесник Реџепи, Тетовски Универзитет, Игор Лазаровски, директор на Управата за хидрометеролошки работи, Катерина Николовска, Македонски информативен центар за животна средина, Горан Танчевски, НВО Центар за ресурси во животната средина – РЕЦ, Константин Димитров, НВО Македонски центар за енергетска ефикасност – намалување на емисиите преку намалување на потрошувачката енергија, Масимилијано Паолучи, Светска банка – проект за аерозагадување 4 градови, Бојан Трпевски, Македонско здружение на млади правници, Жарко Хаџи – Зафиров, д-р Аким Али, Светска здравствена организација, проф. д-р Андон Чибишев, директор на ЈЗУ УК за Токсикологија - Скопје, д-р Игор Камшиковски, ЈЗУ УК за уво, грло, нос – Скопје, д-р Соња Момчиловиќ, ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија – Скопје, д-р Олга Смилевска – Спасова, ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата Козле – Скопје, проф. д-р Игор Џиковски, ЈК УК за Торакална и васкуларна хирургија – Скопје, д-р Лидија Попоска, ЈК УК за кардиологија – Скопје, д-р Игор Кузмановски, ЈЗУ УК за Неврологија – Скопје, д-р Симонида Црвенкова, ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија – Скопје, проф. д-р Злате Ставревски, ЈЗУ УК за хематологија – Скопје, д-р Марија Андоновска, директор на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Игор Никоски, директор на Управата за животна средина, Ивана Гиновска, директор на Државниот инспекторат за животна средина, Беса Татеши претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, Соња Цветкович – Чолакова, претставник од Град Скопје, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Здравко Трајанов, директор на ЈП Национални шуми, Златко Перински, министер за локална самоуправа, Изет Меџити, министер за животна средина и просторно планирање, Зухејр Реџепи, директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Бобан Николовски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Ѓоко Велковски, заменик министер за социјална политика, демографија и млади, Кристина Митиќ – Арсова, Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО), Калинка Габер, УНОПС проект ЕУ за чист воздух, Гордана Поповиќ – Фридман, GFF project, green financing mechanism за вложени средства во почисти емисии од домаќинствата и мали и средни претпријатија. Воедно, на надзорната расправа во својство на сведок беше поканет и присуствуваше г-дин Христијан Мицковски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Прашања на сведоците по темата на надзорната расправа поставија пратениците: Рашела Мизрахи, Петар Ристески, Олга Лозановска, Каролина Насковска, Грација Бакраческа, Моника Трајанова, Петар Марков, Илир Демири, Мевмед Џафери и Тони Јаревски.

За излагањата, прашањата и одговорите се водени стенографски белешки од Надзорната расправа кои се составен дел на овој Извештај.

Врз основа на одржаната расправа, Комисијата за здравство на седницата одржана на 30 мај 2025 година ги усвои следните

## Заклучоци и препораки :

1. Комисијата утврди дека од вкупно усвоени триесет и три препораки и задолженија од Јавната расправа на тема ,,Енормно загадување на амбиеталниот воздух во Република Македонија” одржана во Собранието на Република Македонија во 2018 година, властите целосно или делумно спровеле само шест. За шест години властите имале реализација од скромни и недоволни 15% на препораките и задолженијата кои им биле дадени од Собранието на Република Македонија.
2. Согласно исказите од раководните лица од државните институции кои учествуваа во надзорната расправа за состојбите во кои ги затекнале истите при преземање на функцијата од своите претходници, Комисијата утврди бројни недоследности во спроведување на законската регулатива како и негрижа за кадровските решенија што сериозно ја намалила функционалноста на институциите.
3. Комисијата утврди потреба од измени и дополнување на законската регулатива и зајакнување на мерките за справување со аерозагадувањето како и кадровскиот капацитет на институциите релевантни за борбата против аерозагадувањето.
4. Комисијата заклучи дека во борбата против аерозагадувањето потребна е силна мулти – институционална соработка, како и директна инволвираност на научната фела, индустријата, медиумите, граѓанскиот сектор и меѓународните организации.
5. Согласно исказите на сведоците од лекарската фела, директорот на Светската здравствена организација во Македонија како и Институтот за јавно здравје на Македонија, Комисијата утврди дека долготрајната изложеност на загаден воздух допринесува кон појавата на бројни заболувања, дополнително ја влошува од други причини нарушената здравствена состојба, претставува неспорен фактор кој влијае на бројот на смртни случаи и нанесува огромна финансиска штета врз здравствениот систем во државата.
6. Комисијата утврди дека за ефикасно справување со аерозагадувањето потребна е државна стратегија со долгорочни мерки со цел трајно подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на целата територија на државата.
7. Се препорачува Владата, надлежните министерства, општините и градот Скопје да креираат мерки и решенија кои се базираат на релевантни податоци

и мерења од релевантни институции и да се употребуваат научни и технички докажани методи за анализа и намалување на загадувањето.

8. Комисијата препорачува општините и градот Скопје да изработат планови за управување со квалитет на амбиентален воздух со јасно дефиниран временски распоред за спроведување на мерките опфатени со планот.

9. Се препорачува Владата, општините и градот Скопје, да креираат мерки за намалување на загадувањето од согорување цврсти горива во домаќинствата. Да им се овозможи и понуди на граѓаните приклучок кон соодветен централен систем за греење или да се субвенционираат почисти системи за греење на домаќинствата и енергетски ефикасна реконструкција на објектите.

10. Комисијата препорачува на Владата, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да изготват и достават до Собранието измени и дополнувања на Законот за инспекциски надзор, Законот за комунални дејности и Законот за јавна чистота со цел зајакнување на системот за контрола на штетните влијанија врз животната средина.

11. Комисијата препорачува на Министерството за животна средина и просторно планирање, општините и градот Скопје да изготват дополнителни контролни мерки за издадените А и Б Интегрирани дозволи, како и за елаборатите за животната средина.

12. Се препорачува на Министерството за економија да изготви мерки за субвенционирање и поволности за набавка на возила со минимални емисии.

13. Се препорачува на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Државен пазарен инспекторат, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа да изготват дополнителни контролни мерки за квалитетот на горивата и содржината на издувните компоненти од транспортот.

14. Комисијата препорачува Министерството за образование и наука да го зголеми финансирањето на научни и стручни истражувања и иновации од областа на намалување на аерозагадувањето.

15. Комисијата препорачува Владата, општините и градот Скопје да ги заменат системите за загревање на јавните објекти кои продуцираат цврсти честички со системи кои немаат директна емисија на цврсти честички.

16. Се препорачува на Владата и Министерството за социјална политика, демографија и млади да овозможат инсталирање на системи за чист и свеж воздух во објектите во кои престојуваат деца и ранливи категории на граѓани, во општините каде е детектирана зголемена концентрација на цврсти честички.

17. Се препорачува на Министерството за економија да изготви законска регулатива за квалитет на цврсти горива.

18. Комисијата препорачува зајакнување и зголемување на капацитетите на ЈП Национални шуми и надлежните институции за справување со шумските пожари.

19. Се препорачува на Институтот за јавно здравје да спроведува кампањи за свесност по ризикот по здравјето и животот, како и препораки за заштита на граѓаните за време на периодите со високо загадување на воздухот.

20. Комисијата препорачува дека е потребно Министерството за животна средина и просторно планирање да изготви и достави до Собранието Закон за индустриски емисии во кој ќе интегрира и унапредени методи на мерење на издувната емисија.

21. Се препорачува на Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви сет на итни краткотрајни мерки за секој град за намалување на емисиите од индустријата и заштита на населението во периоди на зголемена концентрација на цврсти честички.

22. Комисијата препорачува на Државниот инспекторат за животна средина да овозможи јавна евиденција за извршените контроли и преземените мерки за борбата против аерозагадувањето.

**Претседател на**
**Комисија за здравство,**
**Рашела Мизрахи**

Подготвил: Ана Климовска
Одобрил:
Контролирал: